UE4SD

UNIVERSITY EDUCATORS
FOR SUSTAINABLE DEVELOPMENT

# Универзитетски едукатори/наставници за одржлив развој

**Конзорциумот UE4SD** се состои од 55 партнери од 33 држави ширум Европа и тежнее да ги пренасочи наставните планови во високото образование за да го земат предвид и да го инкорпорираат прашањето за одржлив развој. Проектот е со времетраење од три години и ќе се фокусира на давање поддршка на наставниците кои, независно од нивната потесна научна област, треба да бидат оспособени да ги подготват студентите за да ја разберат нивната глобална и професионална одговорност за одржливиот развој.
Проектот вклучува планови за универзитетскиот кадар за развој на професионални компетенции и спсобности за академско лидерство поврзани со образованието за одржлив развој.
UE4SD тежнее да воспостави **водечка експертска група за компетенции во образованието за одржлив развој** на универзитетско ниво во Европа и ќе креира платформа за размена на стручно знаење помеѓу членките на мрежата, што би требало да има влијание во областа на политиката и практиката, дури и по формалното завршување на проектот. Активностите во рамки на проектот се тесно поврзани со Алијансата КОПЕРНИКУС, европска мрежа во високото образование за одржлив развој.

## Зошто образование за одржлив развој?

Одржливиот развој е препознаен како еден од најголемите предизвици со кој се соочени нашите општества во 21-ви век. Неодржливите практики ги зголемуваат социјалните, економските и еколошките нееднаквости; тие ја засилуваат деградацијата на животната средина и го лимитираат квалитетот на живот. Општоприфатено е мислењето дека нашите образовни системи имаат критично значење за постигнување на целите на одржливиот развој, бидејќи ги снабдуваат студентите со знаења, вештини и ставови кои се неопходни за преориентирање на општествените структури и системи.
Проектот UE4SD е креиран со првенствена цел да го поддржи учењето за одржливост на ниво на високото образование. Високото образование има клучно значење за решавање на проблемите на одржливиот развој, бидејќи ги подготвува идните генерации професионалци, ги предизвикува доминантните парадигми и спроведува револуционерни истражувања. Сепак, постојат докази кои укажуваат дека доколку сакаме универзитетите да дадат свој конкретен придонес за одржливата иднина, тогаш на активностите и напорите за пренасочување на наставните планови кон одржлив развој, неопходна им е поддршка и лидерство.

## Проектот

Проектот UE4SD е финансиран од страна на Европската комисија во рамки на Програмата за доживотно учење (Life Long Learning Programme – Erasmus Academic Networks). Тригодишната реализација на Проектот стартуваше во октомври 2013 година со учество на 55 партнери од 33 држави (види ја мапата). Водечки партнер е Универзитетот од Глостершаер (Велика Британија – северен кластер). Тој тесно соработува со трите главни партнери: Автономниот универзитет од Мадрид (Шпанија – јужен кластер), Карловиот универзитет од Прага (Чешка Република – источен кластер) и Универзитетот Лојфана од Лунебург (Германија – западен кластер).



## Кои се придонесите на проектот?

Проектот ќе придонесе за прена–сочување на високото образование кон одржлив развој преку **три основни постигнувања:**

UE4SD
UNIVERSITY EDUCATORS
FOR SUSTAINABLE DEVELOPMENT



**1** **Разгледување на постојната состојба и препознавање на водечките практики (2014):** Реализирање основна студија со која ќе се препознаат и анализираат постојните можности за едукаторите/наставниците во високото образование на ниво на држава и на регионално ниво, за да се развијат компетенции за образование за одржлив развој. Потоа ќе бидат изработе–ни четири регионални и еден заеднички извештај со кој ќе бидат опфатени сите земји што учествуваат во проектот.

**2** **Развој на ресурси (2015–16):** Водечката практика која ќе биде идентификувана во основната студија ќе претставува основа за публикацијата. Исто така ќе биде развиена и online платформа за ресурси, со цел да се овозможи поддршка на универзитетските едукатори/наставници и тимовите за професионален развој.

**3** **Развој на Академија за образование за одржлив развој на универзитетско ниво (2015–16):** Ресурсите што беа идентификувани погоре, ќе послужат како поддршка за Академијата за образование за одржлив развој на универзитетско ниво. Нејзина основна задача ќе биде да ја поддржи преориентацијата на високото образование кон инкорпорирање на прашањето за одржливост. Оваа фаза ќе овозможи градење капацитети и дополнителни можности што се однесуваат на лидерите во академските институции, едукаторите/наставниците и кадарот задолжен за проефесионален развој.

---

## Кои мрежи го поддржуваат проектот?

Проектот се потпира на рамката за компетенции за образование за одржлив развој на Економската комисија на ОН за Европа (UNECE) што беше развиена во 2012 година. Компетенциите беа генерирани после тригодишен процес што вклучуваше експерти од целиот регион на кој се однесува UNECE. Оваа рамка овозможи фокусирање на активностите на мрежата на UE4SD кои се насочени кон поддршка на развојот на универзитетските едукатори/наставници за одржлив развој: http://www.unece.org.

Глобалната акциона програма на UNESCO за образование за одржлив развој ги идентификува оние институционални промени кои претставуваат приоритет во образовниот систем. Овој проект се потпира на работата на UNESCO со посебен акцент на процесите на градење капацитети и професионален развој на наставниците, тренерите и другите субјекти на промените, како би прераснале во олеснувачи/фасилитатори за образование за одржлив развој: http://www.unesco.org.

## Кон кои резултати тежнее проектот?

- Воспоставување водечка експерт-ска група за компетенции во образованието за одржлив развој на универзитетско ниво во Европа, која може да влијае врз политиката и практиката во оваа област.
- Промовирање на разбирањето за поврзаноста помеѓу образованието за одржлив развој, зголемувањето на квалитетот и професионалниот развој.
- Обезбедување насоки, поддршка и ресурси со кои ќе се засили капацитетот на едукаторите/наставниците.

Lifelong Learning Programme

With the support of the Lifelong Learning Programme of the European Union

## Дали сте заинтересирани за проектот UE4SD?

За подетални информации Ве молиме да нè контактирате и да ја посетите нашата интернет страница:
**http://www.ue4sd.eu**
Email: ue4sd@glos.ac.uk